Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 106, 12 јули 2013 година

јули 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за доделување на звањето почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност на редовен професор Бисерка Цвејиќ на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област вентилација и техничка заштита на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област физиологија на растенијата на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област експлоатација на неслоевити лежишта на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област градинарство/зеленчук на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област применета математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслов на трудот: „Економско-финансиски лексикон“ од авторите проф. д-р Ристо Фотов, проф. д-р Толе Белчев, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Елена Веселинова при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 87

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 89

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА НАСЛОВ НА ТРУДОТ: „ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКИ ЛЕКСИКОН“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р РИСТО ФОТОВ, ПРОФ. Д-Р ТОЛЕ БЕЛЧЕВ, М-Р ЕМИЛИЈА МИТЕВА-КАЦАРСКИ, М-Р ЕЛЕНА ВЕСЕЛИНОВА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

1. Наслов на трудот: „Економско-финансиски лексикон“

2. Наслов на трудот: „Економско-финансиски лексикон“, предложениот ракопис на наведениот труд е прикажан на 1.021 страници во А5 формат, што претставува стандарден формат за овој вид на труд. Тоа значи дека предложениот ракопис опфаќа и објаснува прилично голем број термини, поими и изрази од економско финансиска природа.

3. Општи податоци за ракописот: Предложениот ракопис е со број на страници 1.200 и во главни црти третира објаснување на поими, термини и изрази кои секојдневно се користат било во деловната комуникација во практиката или во литературата, како и при научни расправи.

4. Име и презиме на авторот на трудот: проф. д-р Ристо Фотов<br>проф. д-р Толе Белчев,<br>м-р Емилија Митева-Кацарски<br>м-р Елена Веселинова

5. Име и презиме на рецензентите: проф. д-р Трајче Мицески,<br>проф. д-р Ристе Темјановски.

6. **Значење на предметот кој се обработува во трудот:** Презентираниот труд разработува и дава објаснување и дефинирање на економско- финансиски поими и термини, притоа прикажувајќи ја нивната различна употреба и ниво изразување на неколку светски јазици. Слободно може да се каже дека наведениот труд „Економско-финансиски лексикон“ обработува економско финансиски термини кои се користат во секојдневната теориско-практична работа и се мошне значајни и секогаш актуелни.

**7. Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла:** Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин со продлабочен пристап се разработуваат поими и прашања, со што се обезбедува објаснување на економско финансиските поими, термини и изрази кои имаат интернационална примена и со истите се среќаваат и се разбираат како во практиката исто така и во научната расправа и литература.

**8. Други трудови за ист или сроден предмет со компонирање оценка за квалитетот на трудот:** Кај нас има презентирани трудови од оваа област, но овој труд, според начинот на разработка, композицијата и презентирањето на содржината е различен и оригинален. Трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да му е од корист на секој што сака да проникне во запознавањето со соодветните поими од оваа економско-финансиската област.

**9. Соодветноста на применетата методологија:** Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

**10. Научната заснованост на експликацијата на заклучоците:** Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

**11. Стручна композиција на трудот:** Трудот е систематски и логички подреден според припадноста на определени поими, изрази и термини во соодветната буква. Притоа се применува метод на компаративност на соодветните третирани поими, изрази и термини на повеќе јазици.

**12. Претпоставен интерес на научната и другата јавност за која трудот е наменет:** Како нов труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематика која тангира познавање на поими и изрази од економско финансиска природа.

**13. Резиме на трудот:** Со познавањето на наведените поими, изрази и термини во економскиот лексикон, се овозможува стекнување пошироки знаења, кои во одредени моменти ќе им биде од корист на сите кои работат во соодветни работни ангажмани кои бараат солидни познавања од економско финансиската терминологија.

**14. Други напомени за трудот:** Трудот ги разработува поими, изрази и термини кои се неопходни во совладување на терминологијата која се користи како во економско-финансиската литература, исто така и во практиката.

**15. Препорака за печатење:** Трудот „Економско финансиски лексикон" ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, бидејќи студентите и сите други кои се занимаваат со економско-финансиска проблематика во овој труд ќе најдат одговор и објаснување за бројни економски поими и термини со кои се среќаваат или ќе се среќаваат во практиката на своето работење. Поради ова со големо задоволство препорачуваме истиот да биде објавен.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Трајче Мицески, с.р.**
**Проф. д-р Ристе Темјановски, с.р.**